# СИГУРЕН ДОМ
# ДОДЕКА СИ НА ОДМОР

## ПРИВАТНОСТ НА СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ

Не објавувајте фотографии од одморот без прилагодување на опциите за приватност. Постои можност да направиш група од најблиските пријатели и при споделувањето да избереш опција само тие да ги гледаат сликите.
На тој начин информацијата дека домот ти е празен нема да стигне кајшто не треба.

## ПРОВЕРКА НА ИНСТАЛАЦИИТЕ

Исклучување на електричните уреди, запирање на водоводната инсталација, вадење на сите продолжни од штекерите... По потреба повикај стручно лице за да ги провери точките на потенцијален ризик и да ги санира.

## ЗАКЛУЧИ СЀ

Не оставај клучеви на места кои мислиш дека се скришни.
Провери ги прозорците и терасите. Остави клуч кај комшијата.

## ИЗНАЈМИ СЕФ ЗА ВРЕДНИТЕ РАБОТИ

Накитот и останатите скапоцености стави ги во сеф барем за време на патувањето. Цените на сефовите во банките се многу подостапни одошто мислиш, посебно во однос на заштитата што ја пружаат.

## ПРОВЕРКА НА ПОШТА

Замоли некого да ти ја прибира поштата од време на време.

## КУТИИ ОД НОВИ УРЕДИ

Доколку пред влезната врата имаш кутии од штотуку купени вредни електрични уреди, отстрани ги пред да заминеш. Не им давај причина на крадците за твојот дом да им стане посакувана мета.

## ПРОФЕСИОНАЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Доколку имаш договор со фирма за обезбедување, информирај ги за отсуството за да посветат повеќе внимание.
Доколку немаш, склучи договор или позајми налепница.

## ПОЛИСА

За комплетна безгрижност – полиса за осигурување на домот и покуќнината.
Зошто да му ја мислиш ти кога може да му ја мисли осигурителната ;-)